ШТИП
ASTIBO
ОПШТИНА ШТИП
MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-57*
*28.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП**

Границите на опфатот се движат по:

- од северозападна страна границата оди по осовина на собирна ул. „Сремски фронт" по ГУП
- од североисточна страна границата е по осовина на ул. „Борис Крајгер"
- од југоисточна страна границата е по граница на наменска зона по ГУП
- од југозападна страна границата е по граница на наменска зона по ГУП

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 15111.34m2.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јуни 2025 (понеделник) до 27 јуни 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно

презентирање на планот ќе се одржи на ден 19 јуни (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. **Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма**.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*